Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна презентација и Јавна анкета**

на Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров, Скопје,

Планскиот опфат **на ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров, Скопје**, Општина Ѓорче Петров е дефиниран со следните граници на плански опфат:

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на блокот СЗ 24.03, како што е одреден со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт СЗ 24 2016-2022. Истата се движи како што следи:

- на север се движи по осовината на собирната улица „Ѓорче Петров", како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022;
- на запад се движи по осовината на сервисната улица „С3", како што е планирана со РПЧ СЗ 24 Скопје 2016-2022;
- на југ се движи по осовината на сервисната улица „С1", како што е планирана со РПЧ СЗ 24 Скопје 2016-2022 и
- на исток се движи по осовината на собирната улица „Сремски Фронт" / „Алексо Демниевски" (D.01A-C.44A), како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **4,61 ha**.

- Јавната анкета ќе трае 10 работни од 12.07.2019год. до 25.07.2019год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03, Општина Ѓорче Петров, Скопје ќе биде изложен во просториите УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од $08.^{00}$ до $16.^{00}$ часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 16.07.2019 год. во $14^{00}$ часот во просториите на УЗ Дексион, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 16.07.2019 год. во $15^{00}$ часот во просториите на УЗ Дексион.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број** 08-2397/2
**од** 08.07.2019 **година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Александар Наумоски**